Архивски број: 08-691/4
21-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-691/1 од 13.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] во Куманово, за сторена дискриминација врз основа на лично својство, во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Димче Мирчев", број 9 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од Куманово.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 13.09.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08-691/1, од страна на подносителот [redacted] од Куманово против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека неговото вознемирување трае повеќе години, започнало во 2018 година, а во 2019 година од Инспектор бил прераспореден во Помлад инспектор, со повремени дисциплински постапки кои биле водени против него, а во дисциплинската комисија која одлучувала во овие постапки како член се јавувало и лицето кое ја поднесувало иницијативата за поведување на дисциплинска постапка. Воедно во претставката подносителот наведува дека секоја година добивал ново решение за прераспоредување по потреба, прераспоредување од Куманово во Кратово, а во последниот период прераспоредување од Општина Куманово во Матејче, Општина Липково, без повод и причина.
Понатаму во претставката подносителот бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ја обезбеди целокупната документација по дисциплинската постапка поведена по Предлог број [redacted] година каде било наведено дека Предлогот е поднесен од началник на ОКП Куманово, [redacted], а согласно Записник од 26.09.2018 година во делот како член на истата Комисија е

наведен [redacted], началник на ОКП Куманово, односно истото лице кое го поднело предлогот за дисциплинска постапка. Врз основа на овој Записник донесено е Решение со кое лицето [redacted] е распореден на работно место кое е едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел.
Кон претставката како прилог докази доставени се решенија за распоредување во фотокопие.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) соодветно се обрати до потенцијалниот дискриминатор Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија со Барање за произнесување број 08-691/2 од 26.09.2023 година, по кое е доставен Одговор под Рег. [redacted] година на Сектор за внатрешни работи Куманово. Во одговорот се наведува дека со поднесувањето на претставката не била запазена хиерархијата која подносителот бил должен да ја знае и почитува, односно начинот на комуникација и меѓусебен однос на вработените во министерството требало да биде во рамки на хиерархиската поставеност. Распоредувањето на именуваниот од Инспектор за општ криминалитет при СВР Куманово, во Помлад инспектор за општ криминалитет при СВР Куманово било извршено врз основа на Решение донесено од страна на министерот за внатрешни работи од 20.12.2018 година, а врз основа на Решение на министерот од 29.10.2018 година со кое му било изречено рапсоредување на работно место во едно ниво пониско од нивото на работното место на кое до тогаш работел, како дисциплинска мерка по поднесен Предлог за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност при СВР Куманово. По однос на другите решенија за рспоредување, во Одговорот е наведено дека истите се извршени согласно со Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, односно работните места на кои се распоредувал именуваниот полициски службеник биле на исто ниво согласно класификацијата на работните места и по потреба на министерството во случај кога вработениот можел да биде распореден и во организациска единица различна од организациската единица на министерството во која до тогаш работел, а која е надвор од местото на неговото живеалиште. На 30.08.2023 година полицискиот службеник [redacted] од помлад инспектор – водач на безбедносен реон во ПС од ОН Куманово, СВР Куманово, бил распореден на работно место помлад инспектор – водач на безбедносен реон во ПО Матејче, ПС од ОН Куманово, СВР Куманово, односно од неговото последно распоредување од 01.12.2021 година до 30.08.2023 година имало поминато една година и девет месеци.

Врз основа на увидот во сите поднесени докази во врска со предметната претставка за заштита од дискриминација, утврдената фактичка состојба, земени предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и природата и степенот на сложеност и сериозност на работните задачи на вработените во Министерството за внатрешни работи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека врз лицето [redacted] од

Куманово е сторена дискримнација од страна на Министерството за внатрешни работи, а врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи. Имено, Комисијата во конкретниот случај не утврди дека постои директна каузална врска помеѓу одредено лично својство на подносителот на претставката со потенцираната повреда на правото од работен однос, а што е услов за постоење на акт на дискриминација како што е таа опишана во член 6 од наведениот закон, според кој *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Воедно, од аспект на дејствијата превземени во 2018 година, Комисијата укажува дека согласно член 24 став (5) од Закон за спречување и заштита од дискриминација со кој се уредени релативниот и апсолутниот рок на застареност, односно согласно кој *Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата,* Комисијата нема надлежност да постапува по истите.

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
21.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Сектор за внатрешни работи - Куманово
- Архива

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk